ДО
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА
АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-ОХРИД

ПРЕДМЕТ: Известување за голема зделка.

Одборот на директори на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид има предвидено деловен план за инвестициона активност за реконструкција и адаптација на хотелот ,,Палас,,-Охрид со цел истиот објект да се модернизира до ниво на хотел со категорија од 5 ѕвезди.

За реализација на наведената активност изготвена е Инвестициона програма за економска оправданост на вложувањето во реконструкцијата и адаптацијата на хотелот ,,Палас,, по принципот изведба ,,клуч на рака,, како и за можностите за финансирање и поврат на инвестицијата согласно која е утврдено дека постои економска оправданост за ваква инвестициона активност која е во интерес на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, акционерите на друштвото и пошироката заедница.

Оваа инвестициона активност се планира да биде финансирана на товар на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид преку кредитно задолжување во висина од 7.500.000,00 ЕУР со рок на враќање од 10 години, а за обезбедување на побарувањето на давателот на кредит, потребно е да се даде обезбедување во вид на залог-хипотека врз недвижен имот сопственост на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид.

Со оглед да наведената активност потпаѓа под одредбите на донесување Одлуки кои преставуваат голема зделка согласно ЗТД како во поглед на кредитното задолжување, така и во поглед на обезбедување на хипотека со недвижен имот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид во корист на банката/ките од кои ќе биде подигнат кредитот, Одборот на директори го доставува ова писмено известување до Собранието на акционери и предлага Собранието да донесе Одлука со која ќе го одобри како голема зделка кредитното задолжување на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид и склучувањето на договорите за залог-хипотека врз недвижниот имот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид.

Во прилог се доставува Одлуката за кредитно задолжување на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-ОХРИД
Одбор на директори,
Претседател,

Колески Ќире